Република Северна Македонија
Јавна установа за деца Општинска детска градинка „Фемо Кулаков"
Бр. 0202-110
23.02.2022 год.
Неготино

Врз основа на член 41 став (1) од Закон за заштита на лични податоци („Сл.Весник на РСМ" бр. 42/20), и член 121 од Законот за заштита на зецата ("Службен весник на Република Македонија" бр.23/13, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19, 146/19, 275/19 и 311/20) В.д Директорот на ЈУОДГ„Фемо Кулаков" Неготино Нада Најдова, на ден 23.02.2022 година, го донесе следното

# РЕШЕНИЕ

за овластување на офицер за заштита на лични податоци во ЈУОДГ„Фемо Кулаков" Неготино

Директорот на ЈУОДГ„Фемо Кулаков" Неготино ГО ОВЛАСТУВА ГОРАН АЛТАНЏИЕВ, вработен на неопределено време на работно место Советник секретар како офицер за заштита на лични податоци согласно Закон за заштита на лични податоци, за сметка и во име на ЈУОДГ„Фемо Кулаков" Неготино .

Решението стапува на сила од момент на донесувањето.

## Образложение

Согласно член 41 став (1) од Закон за заштита на лични податоци („Сл.Весник на РСМ" бр. 42/20), В.д Директорот на ЈУОДГ„Фемо Кулаков" Неготино , го овласти Горан Алтанџиев, вработен на работно место Советник секретар да постапува како офицер за заштита на лични податоци, за сметка и во име на ЈУОДГ„Фемо Кулаков" Неготино

Овластеното лице е должно да постапува согласно Законот за заштита на лични податоци и тоа:

- учествува во донесувањето на одлуки поврзани со обработката на личните податоци, како и со остварувањето на правата на субјектите на личните податоци,
- ја следи усогласеноста со законот и со прописите донесени врз основа на законот, што се однесуваат на обработката на личните податоци, како и со внатрешните прописи за заштита на личните податоци и со документацијата за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци,
- ги изработува внатрешните прописи за заштита на личните податоци и документацијата за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци,
- ја координира контролата на постапките и упатствата утврдени во внатрешните прописи за заштита на личните податоци и во документацијата за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци,
- предлага обука на вработените во врска со заштитата на личните податоци и
- врши други работи утврдени со закон и со прописите донесени врз основа на законот, како и со внатрешните прописи за заштита на личните податоци и со документацијата за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.

**Упатство за правно средство:** Вработениот има право на приговор во рок од 8 дена од денот на прием на решението до Управен одбор при ЈУОДГ„Фемо Кулаков" Неготино .

**Доставено до**
Архива
Вработениот

ЈУОДГ„Фемо Кулаков" Неготино
В.д Директор
Најдова Нада